**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Седумдесет и третата седница на Собранието**
**на Република Македонија, одржана на**
**23 јули 2004 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземаат своите места.

Почитувани пратеници додека го поминеме формалниот дел за да ги најавам отсутните, се надевам дека пратениците кои што се надвор од салата ќе влезат.

Дами и господа ја отворам 73-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Емилија Костадинова, Зоран Заев, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Слободан Даневски, Зоран Крстевски, Љупчо Мешков, Лилјана Поповска, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Ќедев, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Марјан Ѓорчев, Аднан Ќахил, Ѓорѓи Трендафилов, Ванчо Георгиев, Мендух Тачи, Али Ахмети, Ганка Самоилова Цветановска и Назми Беќири ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 43  пратеници.

Службите нека ги извадат картичките кои што се ставени, а не се тука присутни.

Во салата се присутни 62 пратеника .

Констатирам дека на сседницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија, заради разгледување на Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Гласале 60 пратеници,

59 гласале за, 1 воздржан и нема против.

Во салата се присутни во времето на гласањето 62-пратеника.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. - **Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 68 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1. - **Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Ве млам, кој бара збор?

Има збор министерот за одбрана Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред Вас се наоѓа Предлог одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во Предлог на Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан. Ова е континуитет во напорите што ги прави Република Македонија да даде свој придонес како членка на антитерористичката коалиција. Мисијата во Авганистан која ја предводи НАТО на последниот Истанбулски Самит беше една од клучните теми за која разговараа партнерите кои се дел и од НАТО Алијансата и дел од партнерството за мир. На барањето на Алијансата за зголемување на силите на сите членки на антитерористичката коалиција шефот на делегацијата уште на Истанбулскиот самит претседателот Црвенковски го искажа ставот на Република Македонија дека сме подготвени да го зголемиме нашето учество со тоа што во овој момент ќе испратиме дополнителни осум војници и наместо досегашните 11, Република Македонија ќе учествува со 19 војници во Мисијата која е опишана во Извештајот кој ви е даден во прилог.

Второ, на Истанбулскиот самит од страна на шефот на државата беше најавено наше учество во заеднички медицински тим кој ќе биде формиран од припадниците на Армијата на Република Македонија, Република Албанија и Република Хрватска. Очекувам наскоро пред пратениците да се најде и ова барање за дополнување на нашето учество во Мисијата ИСАФ. Како и досега очекувам дека и овој пат Парламентот ќе даде поддршка на овој Владин предлог за испраќање на наши војници во Мисијата ИСАФ во Авганистан.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Г-дине пртседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да истакнам дека го поддржуваме овој континуитет, за присуство на нашиот контингент во Авганистан во мировна мисија и дека ние од пратеничката група на ЛП, ќе гласаме за. Меѓутоа, за нас оваа наша определба е затемнета и на неа фрлена сенка од фактот што ова ни го предлага министерот за одбрана г-динот Бучковски, кој е основниот виновник за нередите во Струга, кој не знае и нема чувство да го чува мирот овде, а претендира да го чува надвор. Акцијата на

полицијата во Струга е одмаздичка, а не превентивна. Тоа е по негова наредба за да избегне, да го замагли понижувањето кое што им е нанесено таму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам држете се на точката на дневниот ред. Мислам дека не сме коректни.

За збор се јави г-динот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Благодрам, господине претседателе, што ми дадовте збор. Јас овој пат мислам дека оваа мисија во Авганистан треба да ја поддржиме од причини затоа што таа е во организација и со одлука на Советот за безбедност на Обединетите нации и практично претставува мисија која треба да ги елиминира изворите на тероризмот кој се повеќе се развива во светот. Ние како членка на Обединетите нации имаме обврска да учествуваме таму каде што ќе бидеме поканети и повикани и каде што ќе има потреба за да се сочува безбедноста и мирот во светот. Меѓутоа, треба да бидеме внимателни кога се работи за зголемувањето на нашето учество во ваква операција само од причини што ние сме сиромашна земја, ние сме земја во која што стандардот е многу паднат, ние сме земја во која што многу тешко се живее и било какви трошоци зголемени во тој правец практично значат оптоварувње на нашата земја. Затоа, при ваквите средби како што се во Истанбул и на други места и минатиот пат зборував за тоа, ние треба да покренеме иницијатива за создавање на фондови од богатите земји кои би учествувале во финансирање на ваквите операции, мировни операции под покровителство на обединетите нации. Јас тука гледам напори на Министерството за одбрана да се намалат тие трошоци со вклучувањето на нашата мировна мисија со други мировни мисии во Авганистан, меѓутоа, на овој елемент на трошоци мора во иднина Владата да му посвети многу поголемо внимание, сепак нашето учество во разни вакви мировни операции, имајќи ја во предвид нашата економска моќ ја исцрпува економски и финансиски ја исцрпува нашата држава со напомена дека овие учесници во вакви мировни операции мора да бидат и добро наградени и осигурани и во голема мера тие операции да бидат разрешени од безбедносен аспект и доколку се прифатат овие мои предлози, јас ќе гласам за овој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувани колеги, почитуван г-дине министер, и ние ќе ја поддржиме оваа Предлог-одлука од повеќе причини.

Прво, заради тоа што е консеквентно со нашата политика досега како опозиција да ги поддржуваме сите напори на меѓународната коалиција против тероризмот, бидејќи сметаме дека на тој начин и ние придонесуваме кон искоренувањето на ова глобално зло.

Втората причина е што учествуваме во контингенти на две значајни земји сојузници кои имаат пресудна улога во нашето приближување кон НАТО, тоа се Сојузна Република Германија и Република Турција. За Турција не треба да ви кажувам какви се блиски односи не поврзуваат, почнувајќи од фактот што таа како земја членка во НАТО нашата држава ја условува под нејзиното уставно име и нема ниту еден документ на Алилјансата кој не поминува со забелешката дека Република Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име. Плус имаме и една традиција на добри односи, а во меѓувреме контрибуцијата на Турција за нашето приближување кон НАТО е од големо значење. Учеството на нашата единица во контингентот на Сојузна Република Германија има и една дополнителна овој пат политичка димензија. Германија и Франција како што знаете во други аспекти на дејствувањето на НАТО надвор од неговите граници дефинирани со поделбата за создавање на Северно-атланската Алијанса има издвоен став и нашето учество на страна на Германскиот контингент во оваа конкретна антитерористичка акција има дополнително значење затоа што и на овој случај ја докажуваме ние како држава нашата консеквентност, доследност да учествуваме според она што и за ЕУ е дефиниција, солидарна акција за борба против тероризмот учествуваме и ние и добро е што учествуваме со зголемен контингент, се разбира под услов во оваа фаза на реформа и развој на новите оружени сили што ги создаваме во нашата држава, ова да биде можно, ова што Министерството го предлага. Јас немам поголем увид во тоа, но, претпоставувам дека е така. Според тоа, Република Македонија еве веќе две години консеквентно на меѓународната политичка сцена се јавува како држава која се бори со онолку ресурси колку што има според наша оценка оптимално за стабилизација на односите во светот за глобален

мир и борба против тероризмот. Останува уште дома тука да покажеме дека сме достојни на војниците што ги праќаме во светот да се борат  и да ја одржиме политичката стабилност со разумни одлуки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Пратеничката група на СДСМ ја поддржува оваа одлука како израз на континуираните напори на нашат адржава во светската борба против тероризмот и секако како еден од начините да се зајакне подготвеноста на Република Македонија за членство во НАТО. Она што за нас претставува посебно позитивно и што сакам сега само да го истакнам е поднесувањето на извештајот за претходните активности во мировната мисија во Авганистан од страна на нашите сили што како барање беше поставено од страна на пратеничката група на СДСМ минатиот пат. Сметаме дека поднесувањето на ваквите извештаи се неопходен демокртски механизам во односите меѓу Собранието на Република Македонија  и Владата на Република Македонија во делот на нашата надлежност да одлучуваме да праќаме наши вооружени сили во мировни мисии во странство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам, г-дине претседател,

Мислам дека и ние како партија, Парламентарна група ја поддржуваме оваа мисија, посебно што Мисијата е во рамките на германската единица и во кадарот и во рамките на севкупната заедница раководена од коалицијата на САД во борбата против глобалниот тероризам. Мислам дека на овој начин го даваме нашиот придонес утврден  заедно да ги заштитиме севкупните демократски предности и слободољубивите вредности во светот. Затоа, за оваа воена мисија ќе го дадеме нашиот глас “за”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам г-дине претседател,

Ние како Парламентарна група и овој пат како и претходниот пат кога решивме за вклучување на единицата на Армијата на Република Македонија во меѓународните сили ИСАФ, кога во тој дел, тој пат еден дел од парламентарците беа скептични во врска со оваа мисија и учеството на единицата на Армијата на Република Македонија. Ние бевме свесни дека таа мисија ќе биде успешна како што го кажа, го докажа од првата Мисија и сите следни мисии и така се радуваме дека и оваа мисија во согласност со ставовите на НАТО Самитот во Истанбул кој што е проширен се разбира, од причина заради зачувување на мирот во Авганистан и поддржување на изборниот процес што ќе се организира во септември годинава. Имајќи ги во предвид сите овие достигнувања на Армијата на Република Македонија и нашите определби како политичка партија за Евро-атлантска интеграција ние и овој пат ќе го поддржиме испраќањето на единицата на Армијата на Република Македонија во рамките на мисијата ИСАФ во Авганистан, со надеж и со убедување дека оваа мисија не е воена мисија како што се сака да се презентира, туку мисија за зачувување на мирот и за изградба на мирот во Авганистан. Затоа пред нашата јавност не треба да градиме убедување дека овие момчиња, овие претставници одат во војна, туку одат во зачувување на мирот. И во оваа насока со секој почит на оние кои учествуваат во оваа мисија со надеж дека како и сите досегашни мисии и овој контингент здрави и живи ќе се вратат во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитувани пратеници, господине министре,

Би сакал само накратко од името на пратеничката група на ЛДП да го изнесам нашиот став дека во целост ќе ја поддржиме оваа одлука за изпраќање на овој контингент на војници на Република Македонија во Авганистан, бидејќи тоа е во согласност со конзистентната политика што Република Македонија ја води на овој план, во намерите да биде активен чинител за градењето на мирот во светот. Тоа ќе придонесе за јакнење на нашите односи со земјите членки на НАТО алијансата и

мислам дека со овој чин уште еднаш ќе ги потврдиме нашите заложби дека Македонија е на правиот пат да стане членка на оваа алијанса.

Уште еднаш почитувајќи ја сета аргументација што претходните дискутанти ја дадоа изјавувам дека пратеничката група на ЛДП во целост ќе ја поддржи оваа одлука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рамадани имате збор.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

И јас како претставник на ПДП, не само што го поздравувам, туку се разбира и ја поддржувам оваа Предлог одлука на Владата односно на Министерството за одбрана, една единица на Армијата на Република Македонија да учествува во оваа мировна мисија во Авганистан. Со тоа ујште еднаш се докажуваме дека сме се определиле на правилен начин да учествуваме во мисиите на НАТО било каде тоа да го бара работата и таму каде НАТО треба да ги врши своите мисии. Со тоа докажуваме дека сме се определиле еден ден да бидеме интегрален дел на тоа што значи НАТО, а доброто е во тоа што единицата на Армијата е и во рамките на контингентот ИСАФ - 6 на Германските сили, што значи дека покрај тоа што значи мировна мисија во Авганистан, нашата единица има една можност и една предност, туку и една привилегија од Германскиот контингент кој е во Авганистан, да научи многу од нивното искуство и нивната усовршеност во тоа што значи подготовка, со враќањето на нашите војници или на нашата единица, тоа искуство на некој начин да се проследи и во нашата армија за да продолжат реформите и професионалната подготвеност на Армијата на Република Македонија. Затоа и ја даваме нашата поддшка, оваа единица да оди да ја заврши својата мисија, посакувајќи им среќа и добро здравје во оваа мисија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 86 пратеници, 86 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 73-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 10,40 часот).